Врз основа на член 31 став (2) точка 2) од, а во врска со член 178-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 163/08, 44/11 и 51/11), а во врска со член 49 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/06), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21 јули 2011 година донесе

**УПАТСТВО**

**ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПОРАМНУВАЊЕ**

1. Со ова упатство се пропишува начинот на постапување на Државната изборна комисија, во постапката за порамнување која се води пред Државната изборна комисија.
2. За прекршоците утврдени во Изборниот законик, Државната изборна комисија е должна на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.
3. Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, овластениот државен службеник од Државната изборна комисија составува записник во кој се забележуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата присутни на самото место и начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот (Образец бр. 1 ).
4. Овластениот државен службеник од Државната изборна комисија, може во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му даде платен налог.

Платниот налог од став 1 на оваа точка ги содржи следните елементи: основниот број од деловодникот на Државната изборна комисија, датумот на неговото издавање; правниот основ за издавање на платниот налог за наплата на глоба за сторениот прекршок; рубрика 1 „податоци за сторениот прекршок“ кој содржи: ден, час, место на сторување, опис на прекршокот, членот од Изборниот законик со кој е предвиден прекршокот, глоба предвидена за прекршокот; рубрика 2 „податоци за сторителот на прекршокот“ која содржи: име и презиме/назив на правното лице, ЕМБГ/даночен број на правното лице, адреса на живеење/седиште на правното лице, податоци за вработување на сторителот, број на патна исправа и државјанин на (со забелешка дека се пополнуваат само за странци); напомена за обврската за плаќање на глобата за сторениот прекршок;

правна поука; место за печат и потпис на сторителот на прекршокот и овластеното лице. (Образец бр. 2).

5. Доколку сторителот го прими платниот налог е должен истиот да го потпише. Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот, овластениот државен службеник од Државната изборна комисија, задолжително го забележува во записникот.

6. Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службеното, односно одговорното лице, или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

7. Изјавата од точката 6 на ова упатство, овластениот државен службеник од Државната изборна комисија, задолжително го забележува во записникот.

8. Овластениот државен службеник од Државната изборна комисија, е должен да води евиденција за покренатите постапки и за нивниот исход.

Евиденцијата од став 1 на оваа точка ги содржи следните елементи: реден број; податоци за сторителот на прекршокот (физичко или правно лице контролор/обработувач) која содржи, име и презиме/назив на правното лице и адреса на живеење/седиште на правното лице; податоци за предложената постапка за порамнување која содржи број на записникот и датум кога е составен записникот; име и презиме на овластениот државен службеник од Државната изборна комисија, кој го дал предлогот за порамнување; број и датум кого е издаден платниот налог и забелешка. (Образец бр. 3)

9. Обрасците бр. 1, 2 и 3 се составен дел на ова упатство.

10. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла и на интернет страницата на Државната изборна комисија.

Бр. 07-2824/1
21.07.2011год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА
КОМИСИЈА,
Борис Кондарко

Образец бр. 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. ________________

_____________20____ година

**З А П И С Н И К**

**ОД ИЗВРШЕНО ПОРАМНУВАЊЕ ВО**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

составен во ________________________________________________

____________________________________________________________

(место на извршување на порамнувањето)

на ден ______________20 ____ година во ________________часот, за предметот ______

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(предмет по кој се врши порамнувањето)

Присутни: __________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(Име и презиме на физичко лице, одговорно или службено лице во правното лице кое е присутно при вршење на порамнувањето или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог)

Тек и содржина на извршените дејствија: _______________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

(Битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место и начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот)

Примање на платен налог:

(сторител на прекршокот)

(овластено лице)

М.П.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. ________________

_____________20____ година

Врз основа на член 47 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија бр. 62/06)

# ЗАПИСНИК

## ЗА СТОРЕН ПРЕКРШОК ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

На ден _______ година, во __:__ часот, од страна на овластеното службено лице на Државната изборна комисија.

Констатирано е дека лицето:

- Име, презиме/Назив на правното лице_____________________________________________
- Ден месец и година на раѓање_____________________________________________________
- Адреса на живеење/Седиште_______________________________________________________
- Функција која ја врши правното лице_______________________________________________
- ЕМБГ/ Даночен број, жиро сметка за правно лице________________________________
- Опис на прекршокот______________________________________________________________
- Правна квалификација на прекршокот, член __________од Изборниот законик
- Напомена: на сторителот/те, му /им е издаден платен налог број ___________________

на датум_______20____ година

- Забелешка од сторителот_________________________________________________________

______________________________________________________________________________

- Забелешка од овластено службено лице___________________________________________

______________________________________________________________________________

___________________________ ___________________________

(сторител на прекршокот) (овластено лице)

М.П.

образец бр. 2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. __________

_______ 20___ година

Врз основа на член 49 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија бр. 62/06), се издава

**ПЛАТЕН НАЛОГ**
**ЗА НАПЛАТА НА ГЛОБА**

1. **Податоци за сторениот прекршок**

| | |
|---|---|
| Ден: | Час: |
| Опис на прекршокот: | |
| Член од ИЗ со кој е предвиден прекршокот: | |
| Глоба предвидена за прекршокот: | ЕУР во денарска противвредност |

2. **Податоци за сторителот на прекршокот:**

| | |
|---|---|
| Име и презиме/назив на правното лице | |
| ЕМБГ/Даночен број на правното лице: | |
| Адреса на живеење/седиште на правното лице: | |
| Податоци за вработување: | |
| Број на патна исправа: | |
| Државјанин на: | *Забелешка: Се пополнува само за странец |

Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог: Парична казна за сторен прекршок од областа на изборните нерегуларности (цел на дознака), Буџет на Република Македонија (назив на примачот), НБРМ (банка на примачот), 100-0000000630-__ (сметка), ___-___-_____ (уплатна сметка), ______ (приходна шифра), на Образец ПП50.

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог, ќе плати само половина од изречената глоба за сторениот прекршок.
Ако сторителот не ја плати глобата во определениот рок овластениот државен службеник од Државната изборна комисија, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

**Сторител на прекршокот,** М.П. **Овластено лице,**

______________ ______________________________

Образец бр. 3

**ЕВИДЕНЦИЈА**
**за покренатите постапки за порамнување во Државната изборна комисија**
**и за нивниот исход**

| Реден број | Податоци за сторителот на прекршокот (физичко или правно лице) | | Податоци за предложената постапка за порамнување | | Име и презиме на овластеното лице од ДИК кој го дал предлогот за порамнување | Број и датум кого е издаден платниот налог | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Име и презиме/назив на правното лице | Адреса на живеење/ седиште на правното лице | Број на записникот | Датум кога е составен записникот | | | |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. |
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |